РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-133/1
04-01-2019 20 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/05, 103/08, 124/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), а во врска со член 11, став 1, алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Министерот за образование и наука, донесе:

# План
# за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

## I. Цел на планот

### Член 1

Со овој план се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки што Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Министерството.

### Член 2

При вршење на својата дејност министерството доаѓа во допир со лични податоци и ги обработува, заради што се донесува овој План и друга документација за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## II. Обработка на лични податоци

### Член 3

Во министерството се обработуваат следниве категории на лични податоци:

1. Заради спроведување на конкретни права и обврски врз основа на работен однос, односно од областа на трудовото право за своите вработени и ангажирани лица министерството ги собира и обработува следниве податоци:

- име и презиме на вработените во министерството
- име на еден од двата родитела
- датум на раѓање
- место на раѓање
- општина на раѓање
- адреса на живеење или престојување
- единствен матичен број на вработените
- број од транскациони сметки на вработените во министерството
- национална припадност
- пол

- адреса на електронска пошта
- изводи од матичната книга на родени
- изводи од државјанство и
- дипломи, уверенија за стекнато образование, стручни квалификации и работните компетенции
- податоци за годишните оцени
- податоци за тековното вработување и за претходните вработувања: група, подгрупа, категорија, ниво и работно место
- податоци за висината на платата и на надоместоците од плата
- други податоци за вработениот

2. Заради своите законски надлежнсоти во областа на образованието,согласно закон, министерството ги собира и обработува следниве лични податоци на граѓаните:

- име
- презиме
- единствен матичен број на граѓанинот
- пол
- национална припадност
- мајчин јазик
- датум на раѓање
- место на раѓање, држава, општина, населено место
- лични документи: документ, број на документ, вид на документ, датум на издавање на документот, датум на важност на документот, статус на документот, место на издавање на документот
- единствен матичен број на граѓанинот за мајка
- единствен матичен број на граѓанинот за татко
- адреса на живеалиште: општина, населено место, улица, број (влез, стан)
- адреса на привремен престој: општина, населено место улица, број (влез, стан)
- државјанство: држава, статус, датум на почеток, датум на престанок
- брачен статус: датум на брачен статус, сопруг/а (ЕМБГ)
- смрт: датум на смрт, место на смрт, држава, општина, населено место

## III. Нивоа на технички и организациски мерки

### Член 4

На сите документи во министерството задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци класифицирани во три нивоа:

- основно ниво
- средно ниво и
- високо ниво

Примената на соодветните нивоа е утврдена со Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## IV. Документација за технички и организациски мерки

### Член 5

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во министерството се состои од следните механизими:

- донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци
- донесување на Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема
- донесување на Упатство за начинот на водење евиденција на овластени чица за вршење обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од просториите на министерството
- донесување на Правила за начинот и постапката на користење и располагање со информатичкиот систем кој содржи лични податоци
- донесување на Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци
- донесување на Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите
- донесување на Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти
- донесување на Правилник за вршење на видео надзор

**Член 6**

Актите предвидени во член 5 од овој план се донесуваат на начин што ќе овозможи меѓусебно да се надополнуваат заради остварување на највисока тајност и заштита при обработката на личните податоци во министерството.

**Член 7**

Вработените и ангажираните лица во министерството се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

**Член 8**

Офицерот за заштита на личните податоци во министерството врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на старите од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

**V. Периодични контроли**

**Член 9**

Офицерот за заштита на личните податоци во министерството ги врши следните контроли и за тоа изготвува извештај кој го доставува до министерот:

- Контрола на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци
- Контрола на евиденција за секој авторизира/неавторизиран пристап до информациските системи
- Контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми на идентификација

- Контрола на начинот за пристап на вработените и ангажираните лица во министерството до Интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронска пошта и други извори
- Контрола на уништување на документите кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите
- Контрола на начинот на управување со медиумите кои се носители на лични податоци
- Контрола на примена на принципот „чисто биро"
- Контрола на примена на принципот „приватност при дизајн" на информациските системи
- Контрола на писмените овластувања издадени од страна на министерот за вршење на обработката на личните податоци и за пренесување медиуми надвор од работните простории на министерството
- Конртола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во министерството
- Контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци
- Контрола на начинот на пристап до информациските системи преку персонални компјутери
- Контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци
- Контрола на евиденцијата за физички пристап до просториите во која се сместени серверите
- Контрола на постапката за потпшишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во министерството

## VI. Преодни и завршни одредби

### Член 10

Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци се објавува на веб страницата на министерството.

Овој план влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Министер за образование и наука

**D-r. Arbër Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ